**Година 2005, февруари, број 36**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

---

## АКТИВНОСТИ

Летниот семестар започна. Свечено ги "испративме" дипломците и наградивме најдобрите студенти. Го отворивме CENTER OF EXCELLENCE, проект реализиран од страна на ЦИРКО и e-BIZ (USAID). Активностите околу наставата се интезивираат. Треба да продолжиме со истото темпо.

Резултатите во тој случај се неизбежни!

## ПОТСЕТУВАЊЕ

Сите припадници на "појакиот" пол и оваа година се потсетуваат дека до излегувањето на следниот број ќе наиде празникот осми март.

На сите припадници на понежниот пол им го честитаме празникот.

## CENTER OF EXCELLENCE

На ден 10.02.2005 потпретседателот на Владата на РМ, г-ѓица Радмила Шекеринска свечено го отвори CENTER OF EXCELLENCE, проект реализиран од страна на ЦИРКО и e-BIZ (USAID).



На отварањето присуствуваа Ректорот на УКИМ, проф. д-р Ѓорѓи Мартиновски, заменик министерот за образование, д-р Тале Герамитчиоски, холандскиот амбасадор, директорот на USAID и други. Центарот располага со копмјутерска опрема вредна 200 000 $. Формирани се две училници: JAVA лабораторија и центар за напредни инженерски технологии.

Во тек е пристигнувањето на апликативниот софтвер, а наскоро се очекува заживување на Центарот преку реализирање на неколку проекти кои ќе ги водат д-р Кларис Молад и д-р Атанас Кочов (фулбрајтови стипендисти).

## ПРОМОЦИЈА НА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ 2004

На ден 11.02.2005 во 11 часот во Амфитеатарот се одржа промоција на завршените студенти на МФС и тоа:

- 13 магистри (VII-2 степен)
- 121 дипломирани машински инженери
- 16 машински инженери (VI-1 степен)
- 16 дипломирани студенти на ИСИЖС

Деканите на МФС И ИСИЖС одржаа поздравни говори. Поздравно обраќање имаше и Ректорот на УКИМ, проф. д-р Ѓорѓи Мартиновски. Потоа од страна на факултетот беа наградени најдобрите дипломирани студенти, најдобрите дипломски работи, најдобрите студенти по студиските години.

Најдобриот дипломиран студент, Кристина Јакимовска со просек 9.92 доби вредни награди: ослободување од надоместот за постдипломски студии од МФС, а од спознорот Инженерската Институција на Македонија доби прстен. Потоа Фондацијата Стамболиев ќе и ја додели традиционалната награда како најдобар студент на МФС на 24 мај. Фондацијата Стамболиев парично го награди и вториот по успех дипломиран студент, Кристијан Јакимовски со просек 9.71.

Електростопанство на Македонија додели парични награди на дипломираните студенти со најдобрите дипломски работи по насоки. МФС ги награди со 10 000 денари студентите со постигнат просек 10.00 во текот на учебната година. Дипломецот Џидров Мишко од ИИМ со просек 9.51 доби награда од Пивара, тренинг курс во Мотива.

Од останатите активност беа наградени фудбалската екипата на МФС од спонзорот ЈСП - Скопје доби подарок комплет дресови (професионални) и фудбалска топка  на екипата за мал фудбал на МФС. Студентскиот авто клуб, креаторите на студенстското возило ВЕДА и победниците на натпреварот Иномак 2004 добија соодветни награди.




Посебно изненадување на промоцијата беа тортите за дипломците кои имаа роденден на денот на промоцијата. Исто така дипломци кои имаат деца, треба да пратат слика од нив и ќе добијат индекс и пригодно изненадување.

После официјалниот дел, следеше доделување на дипломите при што Деканот лично им ги врачуваше дипломите и им честиташе на дипломците.

Во холот и бифето на крај се одржа пригоден коктел.

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА

На 07.02.2005 на МФС беше извршена презентација на CAD/CAM/CAE комерцијалните пакети: Solid Works 2005, Cosmos Works, Solid CAM.

Презентацијата ја извршија претставници од фирмата ibCADdy од Љубљана, Словенија во соработка со ЦИРКО. Тие донираа 20 лиценци од горенаведените комерцијални пакети за едукациониот процес на МФС.

## WORKSHOP

На 19.02.2005 г. во организација на Британскиот совет и МФС се одржа првата работилница за обука за Претприемништво кај младата популација во рамки на програмата Бизнис без граници. Во работилницата учествуваа 30 наши студенти и 40 средношколци од 4 Средни училишта.

## НОВА КНИГА

Во издание на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" од печат излезе книгата "Неконвенционални постапки на спојување" од проф. д-р Добре Рунчев.

## НАТПРЕВАР

Од 9-13 февруари во Виена се одржа полуфиналниот натпревар од TIMES (Tournament in Management and Engin-eering Skills). Тимот на МФС (Б. Јованоски, Т. Ризов, Д. Блажески и М. Бубевски)

го освои 6-то место во конкуренција на тимови од цела Европа. Тимот беше подржан од МФС и Мобимак.

## О Т С У С Т В А

1. Проф.д-р Зоран Пандилов, оствари службено патување во Илменау, Германија во период од 02.02. до 06.02.2005, со цел продол-жувње на активностите предвидени со меѓународниот проект по "Мехатроника II".

2. Проф. д-р Татјана Кандикјан, оствари службено патување во Германија, во траење од 13.02 до 26.02.2005. Целта е продолжување на акивностите за реализација на заедничко истражување со колегите од Technische Universitat Brunschweig, Institut fur Werzeugmaschinen und Fertigungstecgnik.

3. Проф. д-р Звонимир Костиќ, оствари службено патување во Шпанија, во период од 14.02 до 20.02.2005. Целта е присуство на работен состанок на кој се договараат условите за проектирање, изработка и монтажа на хидромеханичка опрема за браната ЛИСИЧЕ, Велес.

4. Асс. м-р Христијан Мицкоски, оствари службено патување во Илменау, Германија во период од 02.02. до 18.02.2005. Целта е продолжувње на активностите предвидени со меѓународниот проект по "Мехатроника II "

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

24.02.2005
5 СЕДНИЦА НА ННС

31.03.2005
6 СЕДНИЦА НА ННС

СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИК
ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА

**Техничко уредување:**

*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*